РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 04-152/9
Скопје: 21.08.18

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, и 11/18), Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за унапредување по пат на интерен оглас

1. За извршител на работно место со шифра УПР0101В01000 -Советник за прекршочни постапки од областа на забранетите договори и полесни прекршоци утврдени со Законот за заштита на конкуренцијата,Одделение за прекршочни постапки од областа на забранетите договори и полесни прекршоци утврдени со Законот за заштита на конкуренцијата, Сектор за прекршочни постапки, по пат на интерен оглас бр.01/2018 се избира кандидатот Соња Дејанова Лапе.

2. Именуваниот кандидат ќе биде унапредена на работно место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување-прераспределба на работно место.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и објавување на интернет страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

***Образложение***

Во врска со интерениот оглас за унапредување број 01/2018 објавен на 06.08.2018 година на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата и Агенцијата за администрација, за унапредување по пат на интерен оглас, Комисијата за селекција за унапредување, формирана со решение бр.04-152/6 од 15.08.2018 година. на ден 17.08.2018 година во 13 часот во просториите на Комисијата за заштита на конкуренцијата, се изврши административна селекција со констататација дека за огласеното работно место уредно се пријавил 1 кандидат и се изврши проверка на веродостојноста на докази (Записник од административна селекција за интерен оглас бр.04-152/7 од 17.08.2018).

Истиот ден во 14 часот се спроведе интервју со администратиниот службеник (записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-152/8 од 17.08.2018).

Врз основа на резултатите се изготви финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангиран кандидат од селекцијата по интерен оглас 01/2018 и и истата беше доставена до генералниот секретар.

Врз основа на горе наведеното се донесе одлука како во диспозитивот

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

**Генерален секретар**
**Розана Ванковска**